1. ПРИМЕР БР. 1



Индувидуален станбен објект куќа , приземје е градено во 1975 год. со ѕидарија од полна тула со меѓукатна конструкција систем монта ферт , а надградба на кат 01 во 1995 год. исто така е изведена со ѕидарија од полна тула со изведба на завршен арм. бетонски серклаж по обем на надворешни ѕидови на објектот, дрвен тавански гредоред покриен со дрвен кров. Нова доградба на приземје и кат е направена со арм. бетонски столбови, носачи, серклажи и плочи во 2015 год. со изведба на нов кров по целата површина на објектот. Објектот се до 2020 год. го користел еден сопственик - една фамилија со сите инсталации на објектот. ( состојба како што е на фотографијата )

По смрта на сопственикот, во судска постапка при физичка делба на објектот во 2020 год. каков што бил граден објектот со сите инсталации , станот на Кат 01 му припадна сопственост на тужениот , а станот на приземје му припаднал како сопственост на тужителот, на двете странки по дел 1/2. Објектот имал заеднички оџак ( шунт елемент со два отвори / вертикали) граден од 1995 год. кој претходно се користел и кој почнува од подот на кат 01 према нагоре со излез над кровот , а во истиот  од станот на подолниот кат на приземје имало приклучок преку направен кружен отвор низ плафонот/меѓукатната конструкција .

Од 2020 год. кога е извршена физичката делба, тужениот како сопственик на кат 01 едниот канал од оџакот го користи како вентилација од страна на кујната, а тужителот како сопственик на станот на подолниот кат  го користи другиот канал од оџакот како оџак, во кој е приклучено шпоре на дрва.

Во 2024 год. тужениот како сопственикот на станот на кат 01 врши внатрешно реновирање на станот, а бидејки му идел џад/дим од оџакот кој едниот канал го користел како вентилација, му го затвара/бетонира другиот отвор од оџакот на тужителот кој од кујната досега го користел како оџак.






Приклучок кон оџакот од станот на кат 01 на тужениот



Тавански приклучок од станот на приземје на тужителот кон едната вертикала од оџакот , преку отвор направен во плафонот и меѓукатната конструкција.

Следуваат прашања .....

**ПРАШАЊА ;**

**КОМБИНАЦИИ ; Се избираат по 5 прашања......**

1. Каков е конструктивниот систем на предметниот станбен објект ?

а/ Масивен
б/ Арм. бетонски
в/ Мешовит, арм. бетонски и масивен - Точен одговор

2. Со каков кровен покривач е покриен објектот ?

а/ Ќерамида
б/ Пресован пластифициран лим во форма на ќерамида - Точен одговор
в/ Шиндра

3. На колку води е кровот на предметниот објект на сликата ?

а/ Кров на две води
б/ Кров на 3 води
в/ Сложен кров на повеќе води. - Точен одговор

4. Согласно правилата и прописите во градежништвото ,Законот за домување, чија е сопственоста на предметниот оџак ?

а/ На станот на кат 01 на тужениот ,
б/ На станот на приземје на тужителот ,
в/ Заедничка сопственост/сосопственост , - Точен одговор

5. Дали тужениот како сопственик на погорниот стан на кат 01 каде што се наоѓа и проаѓа оџакот , можи и смее да му забрани на тужителот сопственик на подолниот стан на приземје, да го користи едниот канал/вертикала од шунт оџакот ?

а/ Тужениот можи и треба да му забрани на тужителот од подолниот стан да го користи оџакот , бидејки со физичката делба оџакот сега припадна и се наоѓа во станот на тужениот.
б/ Тужителот несмее да го користи и да се вклучува во предметниот оџак , бидејки при користење на истиот во станот на тужениот на кат 01 се појавува џад/дим кој му смета на тужениот.
в/ Тужениот мора да му дозволи, и не смее да му го попречува правото на користење на оџакот на тужителот бидејки истиот претставува заедничка елемент/инсталација на објектот, а за да не се појавува дим или чад во станот на тужениот , потребно е заеднички да го поправат и санираат за да истиот биде во функција. - Точен одговор

6. Согласно правилата и прописите , дали тужениот како сопственик на погорниот стан на кат 01 каде што се наоѓа и проаѓа оџакот од шунт елементи со две вертикали , тужителот може едната вертикала од шунт оџакот да ја

користи како вентилација , а тужителот од подолниот стан другата вертикала да ја користи како оџак ?

а/ Можи, бидејки едената вертикала од оџакот му припаѓа на станот на тужениот,
б/ Нема врска еден со друг вертикален канал , и можат истите да се користат за вентилација или оџак по волја на странките.
в/ Тужениот не смее неговиот оџачки канал да го користи за вентилација. - Точен одговор

7. Согласно правилата и прописите , за да продолжи тужителот од станот на приземје да го користи едниот оџачки канал од предметниот оџак, кои дејствија треба да ги превземи ?

а/ Да набави борија и да се приклучи кон постоечкиот отвор на оџакот во плафонот, како што го користел и претходно.
б/ Не смее да го користи како оџак , бидејки тужениот на погорниот кат го користи како вентилација,
в/ Смее да го користи на начин што, по вертикалата покрај внатрешниот ѕид ќе соѕида свој внатрешен оџак кој ќе се вклучува во постоечкиот отвор на плафонот во едната вертикала од заедничкиот оџак, а со боријата ќе се приклучи странично во новиот оџак. - Точен одговор

8. По правила и прописи, за ѕидан оџак со кои минимални димензии на пресек треба да изнесува стандардниот отвор, за едно обично ложиште ?

а/ 10/10 см, или со Ф 10 см,
б/ 14/14 см, или со Ф 14 см. - Точен одговор
в/ 20/20 см, или со Ф 20 см.

9. По правила и прописи, колку треба да надвишува оџакот доколку се наоѓа во близина на слемето ?

а/ До висина рамна со слемето,
б/ Да биде повисок за 30-50 см од висината на слемето, - Точен одговор
в/ Може да биди и понизок од висината на слемето,

10. На растојание од венец према слемето на кос кров, колку треба да изнесува мин. висина на оџакот над косата површина мерено нормално на кровот по косина ?

а/ Мин . 1,5 м.
б/ Мин. 1,2 м.
в/ Мин. 1,0 м. - Точен одговор

11. Дали на еден вертикален вентилационен канал со пресек 14/14 см или Ф 15 см, смеат да бидат приклучени по вертикала 3 станови ?

а/ Можат да бидат приклучени 3 станови и повеќе колку што има катност зградата.

б/ Можат да бидат приклучени само 2 станови,

в/ Не е дозволено . - Точен одговор